Бр./Nr 12-1267/4
26-07-2024 г.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапувањето по пријавата со број 12-1267/1 од 28.03.2024 година, оформен по наводи против -------------, претседател на Комисијата за одлучување по барањата за денационализација за општина -----------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај се водат постапки пред други надлежни органи.

Предметот со број 12-1267/1 од 28.03.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 28.03.2024 година, доставена е пријава заведена под број 12-1267/1 од 28.03.2024 година, по која е оформен предмет со наводи во кој се укажува на сомневање за неправилности и незаконитости на работата на -------------, претседател на Комисијата за одлучување по барањата за денационализација за општина -------------------.

Во пријавата се наведува дека Управниот суд донел Пресуда У-2 бр.---------- со која тужбата и Дополнителното Решение Д.Н бр.------------ (2112)Ц од 17.11.2022 година биле уважени со задолжение на Министерството за финансии преку Комисијата за одлучување по барањата за денационализација за Општина -------------- со седиште во ---------- каде пријавениот е претседател да донесе нов управен акт.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Исто така се наведува дека иако Управниот Суд дал напаствија на Комисијата за денационализација да постапи по однос на надоместот на пријавениот, Комисијата за денационализација не постапила по напаствијата на Управниот суд Скопје.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Министерството за финансии, односно до Комисијата за одлучување по барањата за денационализација со цел обезбедување информација и податоци во врска со исходот и статусот на постапката во конкретниот предмет.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:
Комисијата за одлучување по барањата за денационализација за општините -----------------------------------, со седиште во општина ------------, а во чија надлежност е донесувањето на одлуките по поднесените барања за денационализација за општина -----------, постапувајќи по Пресудата У-2. бр.--------- од 14.07.2023 година на Управниот суд Скопје, на седница одржана на 27.02.2024 година донесе Дополнително решение ДН.бр.------------, со кое се одбива Барањето за определување на видот на надоместокот во реален имот заведено под ДН.бр.------------Џ од 13.12.2021 година поднесено од страна на барателите ------------ и ------------- и двајцата од Скопје, за предложен имот што претставува КП.бр.------------ КО Центар-1 (за дел од поранешна КП.бр.----------) и КП.бр.----------/2 КО Центар-1 (за поранешна КП.бр.-------- КО Скопје).

Наведено е дека незадоволен од донесеното Дополнително решение ДН.бр.------------ од 27.02.2024 година, барателот ---------- од Скопје повел тужба за управен спор пред Управниот суд Скопје, кој бил заведен под У-2.бр.-----------.
Министерството за финансии, односно до Комисијата за одлучување по барањата за денационализација доставила одговор на тужба до Управниот суд на РСМ, заведен со бр. ДН.бр.--------- од 09.04.2024 година, при што во прилог на предметот биле доставени сите списи со цел натамошно постапување.

Од горенаведеното, ДКСК оцени дека по предметните наводи постапува Управен суд Скопје. Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата